**20191271853**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Врз основа на член 13 став (2) од Законот за практикантство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), министерот за труд и социјална политика донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПОТВРДАТА ЗА СТЕКНАТИ ЗНАЕЊА, ВЕШТИНИ И КОМПЕТЕНЦИИ НА ПРАКТИКАНТОТ, ОПИСОТ НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА И ВРЕМЕТРАЕЊЕТО НА ПРАКТИКАНТСКАТА РАБОТА

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на потврдата за стекнати знаења, вештини и компетенции на практикантот, описот на практиканската работа и времетраење на практиканската работа.

Член 2

Потврдата од членот 1 од овој правилник се пополнува од страна на работодавачот на образец кој се печати на хартија во бела боја со А4 формат и чија содржина е дадена во Прилог, кој е составен дел на овој правилник.

Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија “.

Бр. 08-4468/4
17 јуни 2019 година
Скопје

Министер за труд
и социјална политика,
**Мила Царовска**, с.р.